Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/20) и член 48-к од Статутот на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), Собранието на млади на Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на членови на**
**Локален младински совет на Град Скопје**

## 1. Краток опис и општи услови

Со овој Јавен повик се повикуваат сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување регистрирани во Централен регистар со седиште во Скопје, да номинираат свој/и кандидат/и на возраст од 15 до 29 години на денот на аплицирање кои би биле потенцијални членови на Локалниот младински совет на Град Скопје.

Локален младински совет (ЛМС) на Град Скопје претставува советодавно тело на Град Скопје, кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Град Скопје, и има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа.

Локалниот младински совет има свој претседател и заменик-претседател, кои го претставуваат Локалниот младински Совет на Град Скопје пред Советот на Град Скопје и се задолжени за одржување на комуникацијата со службеникот за млади во Град Скопје и одделението за спорт и млади при Секторот за јавни дејности на Град Скопје.

### 1.1. Задачи на Локалниот младински совет на Град Скопје

- Предлагаат точки на дневен ред на Советот на Град Скопје кои ги засегаат младите;
- Иницирааат прашања за млади од делокругот на работата на Град Скопје;
- Иницирааат, учествувааат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- Доставуваат информации до Град Скопје за прашања кои се однесуваат на младите и
- Вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## 2. Право на учество во Локалниот младински совет на Град Скопје

**2.1.** Право да учествуваат во Локалниот младински совет на Град Скопје имаат млади лица номинирани од редот на:

- Младински организации;
- Организации за млади;
- Политички подмладоци;
- Ученички и студентски организации и
- Други облици на младинско здружување.

**2.2.** Номинираните кандидати за членови во Локалниот младински совет на Град Скопје задолжително треба да се жители на подрачјето на градот Скопје (Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Центар, Општина Чаир, Општина Шуто Оризари) и да бидат на возраст од 15 до 29 години.

**3. Начин на пријавување и задолжителна документација**
За пријавувањето на Јавниот повик, подносителите се должни да ја достават следнава документација:

- Пополнета пријава (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Портфолио на кандидатот, (документ не подолг од две страни во кој ќе бидат содржани општи информации за работата, визијата и мисијата, клучни активности, информации за лицето, контакт информации адреса, контакт телефон, веб-страница и сл.);
- Извештај за активности со млади во изминатата година на кандидатот за член на Локален младински совет на Град Скопје;
- Мотивациско писмо на членот кој што сака да биде дел од Локалниот младински совет на Град Скопје, како и причините поради кои се кандидира и
- Доказ дека номинираните кандидати за членови на Локалниот младински совет на Град Скопје се жители на градот Скопје и дека се на возраст од 15 до 29 години.

**4. Начин на спроведување на јавниот повик**
За Локален младински совет на Град Скопје се избираат 9 (девет) членови.

Одлука за формирање на Локалниот младински совет на Град Скопје донесува Советот на Град Скопје на предлог на „Комисијата за верификација, мандатни прашања, признанија, претставки и поплаки“ при Советот на Град Скопје, по претходно добиена одлука за избор на членови по принцип на родова застапеност од страна на Собранието на млади на Град Скопје.

Членовите на Локалниот младински совет на Град Скопје се избираат со мандат од 2 години со право на уште еден избор.

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**
Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми (и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.
Јавниот повик се објавува на 30.06.2023 година и ќе трае 11 календарски дена, најдоцна до 10.07.2023 година до **15:00** часот.

Потребната документација, подносителите ја поднесуваат во затворен плик до Комисијата преку Архивата на Град Скопје, или преку пошта на адреса: Булевар „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, со назнака: „До Сектор за јавни дејности – Собрание на млади на Град Скопје - Комисија за формирање Локален младински совет на Град Скопје.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува кандидатот.

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на подносителот.
Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

***За дополнителни информации:***
Дополнителни информации можат да се добијат во Секторот за јавни дејности – одделение за спорт и млади, на телефонскиот број 3297-320.

За повеќе информации околу локалните младински совети можете да ги прочитате следните документи:

1. Закон за младинско учество и младински политики, достапен на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/862649465cf4432aadcb4119f52bfd81.pdf
2. Прирачник за локални младински совети, достапен на: https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/491135

**ГРАД СКОПЈЕ**
**СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ГРАД СКОПЈЕ**